Swisslion

Пазар

Swisslion е мултинационална компанија, чијашто главна дејност претставува производство на прехранбени производи. Во својот широк производен дијапазон вбројува: пет фабрики за кондиторски производи и тоа две во Србија, две во Македонија и една во Хрватска, две фабрики за детска храна, три фабрики за сокови, фабрика за производство на пиво, две фабрики за алкохолни пијалоци, три фабрики за преработка на овошје и зеленчук од кои едната во Македонија, фабрика за дехидриран зеленчук и зачини, два млинови за брашно, три живинарски фарми со вкупен капацитет од над 1.000.000 кокошки од кои една во Македонија, репро центар за кокошки, три фабрики за сточна храна, три фабрики за преработка на месо, како и јаболкови насади и фарма за ноеви во Македонија. Како дел од планот за диверзификација на бизнисот, Swisslion поседува и фабрика за резен алат во Босна и Херцеговина. Со своето вкупно годишно производство од над 100.000 тони готов производ, Swisslion е лидер во производството на прехранбени производи на Балканот.

Од друга страна, дистрибутивната мрежа на Swisslion ги покрива сите земји од Балканот, притоа вложувајќи постојано во магацински простори и доставни возила. Со сопствениот возен парк кој брои повеќе од 100 возила (шлепери, камиони и комбиња), Swisslion успешно и навремено врши достава на производите до своите клиенти. Генералниот дистрибутер на производите на Swisslion во Македонија, компанијата Swisslion Мак со сопствените магацински простори и возен парк, се грижи за квалитетно опслужување на целиот пазар и безрезервно стои на располагање на своите клиенти.

Иако производите на Swisslion се продаваат на повеќе континенти, сепак нашата главна ориентација се балканските земји. Производите кои се произведуваат во Македонија се пласираат во Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово, Словенија, Бугарија, но и Америка и Австралија. Воведувањето на најновите светски стандарди во производните погони на Swisslion значи и поголем извозен потенцијал за самата компанија. Swisslion Скопје беше првата компанија во Македонија која доби сертификат за безбедност на храна ISO 22000:2005 во јули 2006 година. Во 2009 година Swisslion Скопје е повторно една од ретките компании во Македонија која го поседува Кошер сертификатот кој претставува единствен предуслов за извоз на израелскиот пазар. Еден од показателите за извозниот капацитет на Swisslion е и најновото рангирање на топ 100 извозници во 2008 година од неделникот Капитал, во кое Swisslion се наоѓа на највисокото 1-во место од сите прехранбени индустрии во Македонија и на 24-тото место во конкуренција на компаниите од сите индустрии во Македонија. Исто така, Swisslion се наоѓа на 34-тото место на листата на најголеми компании во 2008 година според независното истражување за 200 најуспешни и 200 најголеми компании.

Уште еден показател за успешноста на компанијата е двоцифрениот годишен пораст на продажбата, како на македонскиот пазар, така и на останатите пазари.

Достигнувања

Брзиот развој на компанијата Swisslion, како и големата експанзија во 12-годишното постоење, сами по себе ги дефинираат принципите на работењето на корпорацијата. Swisslion својот досегашен развој и експанзија ги темели на опремување на фабриките со најмодерна, целосно автоматизирана и роботизирана опрема, развој на нови производи, агресивна пенетрација и освојување на пазари, како и преземање, ревитализација и модернизација на веќе постоечките фабрики.

Од 2004 година, кога далеку помалата компанија Swisslion Вршац стана сопственик на прехранбениот гигант Таково, до денес, компанијата порасна 10 пати. Swisslion во Македонија тргна по стапките на Swisslion Вршац со тоа што, во 2006 година стана доминантен сопственик на АД Агроплод.

Земајќи ги предвид финансиските резултати од 2008 година, Swisslion во Македонија со поврзаните друштва оствари приход од 80.000.000 €.

Историјат

Swisslion е мултинационална компанија со седиште во Фрибург, Швајцарија, кое потоа се префрли во Белград, Србија. Основана е во 1997 година и истата година започнува со производство на висококвалитетни кондиторски производи. Првиот производен погон во Вршац, Србија, поседува целосно роботизирани производни линии со голем капацитет. Веќе во 1998 година, започнува со работа и Swisslion ДОО во Скопје, Македонија, прво како генерален дистрибутер, а потоа и производен погон како "Green field" инвестиција со производна линија за Софти бисквит. Во 2001 година, со единствена цел постигнување на максимална продуктивност и ефективност во работата, компанијата се дели на Swisslion ДОО Скопје - со основна дејност производство на кондиторски производи и Swisslion Мак ДОО - со основна дејност продажба на големо и мало и дистрибуција на целиот асортиман на групацијата Swisslion. Во 2005 година, Swisslion ДОО Скопје ја проширува својата дејност со нова производна линија за солено трајно печиво. Во 2006 година, следејќи го примерот на Swisslion-Таково, Swisslion ДОО Скопје станува доминантен сопственик на АД Агроплод Ресен и врши целосна ревитализација и модернизација на фабриката. Како дел од асортиманот на новата фабрика Swisslion Агроплод, можат да се споменат познатиот бренд Ресана, Агрокрем, кафето Агроплод, дражираните бонбони Бони Топ, Кикириките, Флипсот, Корн Флекс, Чоко макс и Коко макс, како и двете нови производни линии за вафлите Ленка и бисквитите Ленка и Бевита.

Од друга страна Swisslion Мак ДОО Скопје, со својот непрекинат двоцифрен годишен раст, прерасна во компанија која успева да ги задоволи сите барања на своите клиенти на македонскиот



пазар. Постојано инвестирајќи во транспортни возила и проширување и модернизација на магацинските простори, Swisslion Мак ДОО стана водечки дистрибутер на производите на Swisslion. Во склоп на Swisslion Мак, а како дел од промотивните активности, работат и двете продавници Слатка Куќа во центарот на Скопје. Целиот асортиман на производите кои го носат SL знакот може да се најдат во Слатките Куќи по најповолни цени.

Растот и непрекинатиот развој на Swisslion ДОО Скопје и сите негови ќерки фирми, развојните планови, како и 11-годишното присуство на македонскиот пазар, само ја потврдуваат успешната приказна на Swisslion.

Производ

Брендовите носители на "SL technology" знакот се препознатливи по својот висок квалитет и достапните цени. Еурокрем, Софти бисквит, Hello, Ресана, Агрокрем, Бони топ, Јувитана, Чокобанана и чокобисквит, соковите Таково, кафето Агроплод, Медењаци, Линеа вафли и многу други, се веќе докажани брендови на пазарот со долгогодишна традиција на производство и уникатност на вкусот. За своите брендови Swisslion е добитник на многу награди кои само го потврдуваат високиот квалитет на производот и вредноста на самиот бренд. Една од најновите награди е Големата Златна медала за квалитет на Новосадскиот саем во 2008 година, доделена на македонскиот производ Еуробисквит 125г.

Скорешен развој

Иновацијата и постојаниот развој се корпоративни вредности врежани од самото основање на компанијата. Иновациите во производството, технологијата и пакувањето, како и иновациите во организацијата на работа на компанијата се можеби и најголемата причина за успешноста на Swisslion. Swisslion важи за компанија која го поттикнува и поддржува иновативното размислување на вработените од сите нивоа, што резултира со развој на десетици нови производи секоја година.

Развојните проекти на Swisslion во Македонија се насочени кон модернизација на постоечките производствени капацитети, како и кон проширување на дејноста на компанијата. Со преземањето на Агроплод, Swisslion започна со интензивна модернизација на сите производни капацитети на Swisslion Агроплод, со цел зголемување на капацитетот и продуктивноста на производните линии. Потоа продолжи со проширување на асортиманот со 3 нови производствени капацитети, и тоа: линија за производство на ламинирани кекси, линија за производство на вафли и комплетно опремена пекара. Од друга страна, примарното земјоделство и живинарската фарма го најавија почетокот на инвестициите наменети за Swisslion Аграр. Модернизацијата во обработката на земјоделските површини, проширување на јаболковите насади, како и рестартирањето на живинарската фарма со 100.000 несилки и основањето на фарма за ноеви, се само дел од иницијалните развојни проекти на Swisslion Аграр. Во 2008 година, развојните проекти за Swisslion Аграр донесоа рестартирање на линијата за маринирање на зеленчук и изградба на печуркара.

Swisslion продолжува со инвестициите во развојни проекти и во наредните години. Планираните инвестиции надминуваат 10 милиони Евра во периодот од 2009-2011 година.

Промоција

Swisslion е компанија која постојано го гради својот имиџ на пазарот со неагресивни промотивни активности. Водени од фактот дека квалитетот на производот и довербата во брендот создава лојален купувач, Swisslion инвестира во сопствените брендови со постојано подобрување на квалитетот на производот. Продавниците "Слатка Куќа" се исто така дел од промотивните активности на компанијата. Сместени на атрактивни локации во централното градско подрачје во Скопје, Слатките Куќи се места каде може да се најде целиот асортиман на Swisslion по најдостапни цени. Промотивните активности кои ги поддржува компанијата, покрај тоа што се насочени кон потрошувачите, исто така се насочени кон општеството. Донациите во многу хуманитарни акции, како на пример во домови за деца без родители, старачки домови, болници, како и поддршката на културни активности, како на пример театарски и оперски претстави, општински манифестации итн., само го надополнуваат имиџот на општествено одговорно работење на Swisslion. Посебно задоволство претставува поддршката на спортот во Македонија преку кошаркарскиот тим Swisslion - Пелистер, кој се вбројува во најдобрите тимови во Македонија.

Сите промотивни активности кои ги превзема Swisslion во текот на своето 11-годишно постоење во Македонија само ги потврдуваат вредностите на компанијата ориентирани кон транспарентно работење, грижа кон вработените и нивните семејства, поддршка на сите локални заедници во кои делува, како и целосна посветеност кон потрошувачите преку обезбедување на здрава и безбедна храна.

Вредност на трговската марка

Сите производи на Swisslion, произведени на високо автоматизирани и роботизирани машини, притоа следејќи посебни стандарди при производството, се носители на "SL" знакот. Високиот квалитет на производите на Swisslion е препознатлив по "SL" знакот кој се наоѓа на секој производ од палетата на Swisslion. "SL technology" знакот е симбол и гаранција на врвен квалитет и технологија, производство на природна и здрава храна со контролирано потекло на влезните суровини и совршен вкус, односно симбол на модерна и висока автоматизирана технологија. Покрај високиот квалитет, Swisslion постојано се стреми кон производство на здрави и безбедни производи за своите потрошувачи. Воведувањето на највисоките стандарди за безбедна храна (ISO 22000:2005, HACCP, Кошер) се само уште еден чекор кон осигурување на безбедноста на производот.

www.swisslion.com.mk

ДАЛИ СТЕ ЗНАЕЛЕ ДЕКА...

Swisslion

- Swisslion вработува повеќе од 10.000 луѓе во регионот на југо-источна Европа.
- Годишното производство изнесува повеќе од 100.000 тони готови производи во сите фабрики на Swisslion.
- Swisslion во Македонија делува преку неколку деловни субјекти и тоа Swisslion Мак, Swisslion Агроплод, Swisslion Аграр и Преспа Турист.
- Swisslion поседува 13 производствени линии во Македонија на 2 локации (Скопје и Ресен).
- Ако Hello соленките и грицките од вкупното годишно производство се наредат една по друга, би можеле да го обиколат екваторот на планетата Земја 3.6 пати.